

Дозволете во мое лично име и во име на ВМРО-ДПМНЕ на сите граѓани на Република Македонија од муслиманска вероисповед да им го честитам празникот Рамазан Бајрам.

Нека празничните мигови Ви поминат во спокој и радост, со најискрени желби за добро здравје и просперитет на секој од вас и вашите семејства.

Ова време на предизвици, сиромаштија и заеднички проблеми можеме да го надминеме ако бидеме сплотени и ако покажеме дека со разбирање, соработка и толеранција можеме да ги надминеме сите препреки исто како што низ векови наназад сме го правеле. Македонија да ја градиме камен по камен, тула по тула, како свој дом и да ја заштитиме од пропаста кон која ја носи актуелната власт.

Сите ние имаме одговорност да се грижиме за секој човек во тој дом да има просперитет и перспектива. Да ја градиме таа перспектива тука, да обезбедиме просперитет за нас и за нашите поколенија тука. Да бидеме солидарни еден со друг, но и посветени кон успехот, затоа што сечиј успех е предуслов за успех на Македонија.

Честит празник, Рамазан Бајрам!

***Со Почит,***

***Проф. д-р Христијан Мицкоски***

***Претседател на ВМРО-ДПМНЕ***